# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Третото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 февруари 2001 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Радмила Шеќеринска, Замир Дика и Насер Зибери ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат 64 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува

Во меѓувреме пратеникот Александар Пандов поднесе амандман на член 3 раздел 02001 став 6468, потставка 468010 и на раздел 09002, ставка 462, потставка 462039, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 02001, ставка 402, потставка 402010, потставка 4028 и на раздел 09002, ставка 444, потставка 444235, поднесен од пратениците Чедомир Краљевски, Замир Дика, Насер Зибери, Слободан Даневски и Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман и ги молам пратениците да не го усвојат, бидејќи се работи за земање од ставка, за која што имаме цврст договор со ММФ, да не ја пипкаме таа ставка и дека од таа ставка Владата ќе врши нови мерки на економската политика во месец јуни.

Ги молам пратениците, ако било кој поставил амандман со кој што сака да повлече средства од ставката недефинирани мерки, да го повлече амандманот бидејќи, како што кажав и во моето уводно излагање, Владата нема да биде во можност од оваа ставка да прифати било што.

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 64 пратеници, гласале 62, за гласале 11, 10 се воздржале против гласале 41.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 раздел 02001, ставка 402, потставка 402010, потставка 4028 и на раздел 09002, ставка 444, потставка 444235, поднесен од пратениците Чедомир Краљевски, Замир Дика, Насер Зибери, Слободан Даневски и Амди Бајрам.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 02001 ставка 420, потставка 420026, потставка 420034, потставка 420050, потставка 420069, потставка 420077 и на раздел 0902, ставка 444 потставка 44235, поднесен од пратениците Чедомир Краљевски, Замир Дика, Насер Зибери, Слободан Даневски и Амди Бајрам и од Комисијата за надворешна политика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се работи за слична работа и затоа Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници, гласале 62, за гласале 8, 11 се воздржале и 44 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 раздел 02001, ставка 420, потставка 420026, потставка 420034, потставка 420069, потставка 420077 и на раздел 0902, ставка 444 потставка 44235, поднесен од пратениците Чедомир Краљевски, Замир Дика, Насер Зибери, Слободан Даневски и Амди Бајрам и од Комисијата за надворешна политика.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 02001, ставка 423, потставка 423017, потставка 423025 и на потставка 423033 и на раздел 09002, ставка 444, потставка 444235, поднесен од пратениците

Чедомир Краљевски, Замир Дика, Насер Зибери, Слободан Даневски и Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се работи за истата група од 6 амандмани, овој е трет по ред, за кои што го кажав мислењето.

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 64 пратеници, гласале 57, за гласале 4, воздржани се 17 и 39 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 раздел 02001, ставка 423, поставка 423017, потставка 423025 и на потставка 423033 и на раздел 09002, ставка 444, поставка 444235, поднесен од пратениците Чедомир Краљевски, Замир Дика, Насер Зибери, Слободан Даневски и Амди Бајрам.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 02001, ставка 426, поставка 426130 и на потставката 426156 и на раздел 09002, ставка 444, потставка 444235, поднесен од пратениците Чедомир Краљевски, Замир Дика, Насер Зибери, Слободан Даневски и Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Присутни се 58 пратеници, гласале 53, 2 гласале за, 10 се воздржале и 41 гласале против.

Ве молам да се утврди точниот број на присутни пратеници.

Присутни во салата се 63 пратеници, а картичките се ставени на 58.

Според тоа, ќе го повториме гласањето. Ве молам да гласаме.

Сега се 64 присутни пратеници, гласале 57 од пратениците, за гласале 3, 8 се воздржале, а 46 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 раздел 02001, ставка 426, потставка 426130 и на потставката 426156 и на раздел 09002, ставка 444, потставка 444325, поднесен од пратениците Чедомир Краљевски, Замир Дика, Насер Зибери, Слободан Даневски и Амди Бајрам.

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 02001 ставка 427, потставка 427098 и на раздел 09002, ставка 444, потставка 444235, поднесен од пратениците Чедомир Краљевски, Замир Дика, Насер Зибери, Слободан Даневски и Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници 55 не гласале, 7 гласале за, 9 се воздржале и 39 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 раздел 02001 ставка 427, потставка 427098 и на раздел 09002, ставка 444, потставка 444235, поднесен од пратениците Чедомир Краљевски, Замир Дика, Насер Зибери, Слободан Даневски и Амди Бајрам.

Ве молам господинот пратеник Абдулади Вејсели бара процедурална интервенција.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и претставници на Влада, јас мислам дека овие амандмани што беа предложени од страна координаторите на пратеничките групи, а не се прифаќаат од страна на Владата, јас мислам дека овие амандмани се предложени од страна на сите пратенички групи во Собранието. Па ако не стои некој зад амандманите кои се предложени од сите пратенички групи, тогаш нека ги повлечат или да ги образложат зошто се потребни да ги прифати Владата овие амандмани, или пак да ги повлечат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е добар совет, меѓутоа, еве, не е случај и ние продолжуваме.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 02001, ставка 468, потставка 468010 и на раздел 09002, ставка 444 потставка 444235 поднесен од пратениците Чедомир Краљевски, Замир Дика, Насер Зибери, Слободан Даневски и Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

Инаку делумно ќе биде прифатен со друг амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Присутни се 58 пратеници.

Ќе мораме да утврдиме точен број на присутни пратеници.

Ги молам службите да го извршат тоа.

Присутни се 62 пратеници, гласале 59, за гласале 6, 8 се воздржале и 45 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 04007, ставка 401, ставка 402, ставка 420, ставка 421, ставка 423, ставка 424, ставка 426, ставка 427, ставка 441, ставка 463, ставка 468 и на раздел 09001, ставка 423, потставка 423033, поднесен од пратениците Валентина Божиновска, Делче Ицков, Филип Петровски, Данило Глигоровски, Александар Пандов и Димитар Батковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот пратеник Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, господине министер, јас морам да ви кажам дека не се согласувам со тоа што не го прифаќате амандманот и ќе дадам образложение за тоа, ќе ги повикам пратениците да гласат и да го прифатат овој амандман.

Станува збор за Агенцијата за развој и инвестиции, каде што се предвидени за оваа година средства 15 милиона и 218 илјади денари.

Оваа сума на предвидени средства не е ни одблиску доволна да ги задоволи основните потреби на Агенцијата.

Вие знаете дека таа Агенција е влезена во системот на државата со Законот за органите на управата, кој што е донесен со двотретинско мнозинство.

Кога го намалувавме бројот на министерствата, придржувајќи се кон реформата за јавната администрација, одредени делови од други министерства преминаа во таа агенција, поточно дел од Министерството за развој.

Буџетот се оценува и од страна на Агенцијата и јас лично мислам дека е крајно нереален и за тоа ќе ви дадам еден пример. Годишно закупнината што ја имаат за просторот на кои се наоѓаат, иако станува збор за мала агенција, во која има 37 вработени, годишно имаат потреба од 12 милиони и 960 илјади денари, само за просторот, што го плаќаат како закупнина, а вие сте им предвиделе буџет од 15 милиони денари за целата година.

Фактички, моја оценка е дека ќе се изврши една опструкција на работата на Агенцијата и таа не ќе може да ги оствари задачите кои што ги предвидува овој закон и задачите кои сме ги предвиделе ние како политичка структура која е на власт.

Заради тоа ви се предложени некои измени кои ги имате во ставките и јас би го замолил Министерот за финансии уште еднаш да го разгледа амандманот и да најде средства, бидејќи нема да може да работи Агенцијата.

Во една ситуација, кога Македонија се наоѓа во реформи и кога се наоѓа во една ваква политичка состојба за која што сметам дека е повеќе од потребно да се обрне внимание во насока на инвестирање и на развој на општеството, јас незнам како ќе се движиме понатаму и како ќе работи Агенцијата.

Ве молам за тоа, уште еднаш размислете и јас ги повикувам пратениците да го прифатат амандманот што го предложивме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас би сакал сосема накратко да кажам дека стојам зад овој амандман и дека сосема е упатено, воспоставените органи на управа да можат и во 2001 година да "дишат".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Прво, би сакал да кажам дека во однос на минатата година, оваа година Агенцијата има минимално зголемување на Буџетот.

Второ, Владата нема донесено некаков план за неколкукратно зголемување на работата на оваа агенција. Таква платформа нема Владата донесено, така што се дадени три пати повеќе средства.

И трето, би сакал да кажам, амандманот како што е поставен технички е невозможно да се дадат тие средства, бидејќи се земаат средства од сопствени приходи на Министерството за финансии. Тоа е технички неизводливо да се заврши.

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Јас сакам да го прашам министерот за финансии што треба да работиме? Да го смениме Законот за органите на управата и да ја укинеме Агенцијата, затоа што Агенцијата нема да може да функционира оваа година, а вие знаете дека таму има проекти, да речеме и општо познат проект на сите граѓани: "стан за секого", што во моментот се претставува пред македонската јавност.

Второ, има редица проекти: спортски сали, а знаете дека и слободната зона "Бунарџик" ќе биде под Агенцијата за инвестиции.

Јас незнам како ќе работат? Мора да најдете пари за да работи таа Агенција.

Јас незнам дали треба да се преформулира амандманот, меѓутоа, ако вие останувате тврдо на тоа да не го прифаќате амандманот, јас тврдо останувам на тоа да го прифатат пратениците амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот министер Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Значи, се бара зголемување околу 8 милиони кај платите, 12 милиони патни и дневни трошоци. Тоа се токму две ставки кои што Владата прави големи напори да ги намали. Токму кај платите се до максимум лимитирани и од тоа ни зависи аранжманот со ММФ. Патните трошоци спаѓаат во групата на материјални трошоци, која што ставка и минатата и оваа година и следната година мораме постепено да ја намалуваме. Ја намалуваме речиси кај сите.

Трето, слободната зона нема да се гради од Агенцијата за развој. Јас за тоа прв пат слушам. Вчера слушнав дека ќе ја гради Агенцијата за слободни зони. Имаме и агенција за тоа, која што има и свој Буџет. Конечно, Агенцијата за развој и инвестиции не добива ништо помалку средства отколку што добила во 2000 година.

Ако можела во 2000 година да опстои со овие средства, не гледам зошто со малку повеќе средства сега или исто, ако сакате, не може да опстои во 2001 година. Ние не намалуваме. Не намалуваме да речеме 20 или 30 или 40% на Агенцијата. Има приближно исти средства како минатата година во која што таа работеше. Не можам да разберам за што се работи. Не се работи за тврди или нетврди ставови. Се работи за работи што треба да се разберат. Ако намалуваме кај сите за платите, ако намалуваме кај сите за материјални трошоци, ако слободната зона се гради од друга агенција, јас не можам да разберам сега кои аргументи се тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Слободан Ќосев.

**СЛОБОДАН ЌОСЕВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

Во врска со поднесениот амандман да кажам дека ќе гласам против, поради тоа што откако дојде до смена на раководството во оваа агенција, односно на директорот на Агенцијата, беше кажано дека ќе се изврши одредена ревизија на пласманите дадени од страна на Агенцијата и дека оваа агенција со текот на времето треба да згасне. Затоа што и во минатото имавме Министерство за развој, што ја обавуваше работата како дел на Владата, меѓутоа од кои причини се формира оваа агенција сите знаеме.

Затоа, го поддржувам предлогот, не сакам повеќе да дебатирам околу тоа, го поддржувам предлогот на Владата и ги повикувам пратениците да гласаат против.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Ако намерата е Агенцијата да згасне, тогаш сме на добар пат. Со средствата што се предвидени со Буџетот за 2001 година ќе треба да вегетира цела година од проста причина што, за да згасне Агенцијата, ова до претходниот пратеник, не може ние прво да ги скратиме средствата. Прво треба да го измениме Законот за органите на управата. Ако тој Закон се носи со 2/3, може да си замисли или помисли пратеникот дали ќе можеме да го смениме во овој момент како стојат силите на политичката сцена. Можете да дојдете во ситуација да имате и волја и желба тоа да го направите, и да сфаќате дека ете тоа е најправилната работа, господата од опозицијата за инает да не гласаат и да ви вегетира, да постои таква агенција.

Сега зборувам за најлошата варијанта. Меѓутоа, ако сме заклучиле и ако сме гласале, бидејќи претпоставувам дека и претходниот дискутант го гласал тој Закон за органи на управата, бидејќи е донесен скоро во овој мандат, мислам дека треба малку да заштитиме некои институции и да им овозможиме да функционираат нормално.

Ако смета министерот да остане на својот став, јас би останал на својот став. Ако пак сметам дека може да дискутираме додека се носи Буџетот, тогаш да се сретнеме на страна па да продискутираме.

Некои работи мора да усогласиме. Инаку, јас не отстапувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господин Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, дами и господо пратеници, се вклучив во дискусијата затоа што во контекстот на оваа проблематика е и она што вчера го изнесов во моето излагање. Имено, се работи за хармонизирање на даденото овде и преку Буџетот и со Законот за државната управа, за Владата. Јас тоа го поставив во вид на прашање и во меѓувреме дознав дека и очигледно е тоа од Буџетот, дека има едно недоразбирање или неспроведување на Законот што е донесен во ова Собрание од овој аспект.

Имено, се работи за тоа што во Законот за управата, кога ја намаливме Владата, тука со амандман беше дополнето дека во Министерството за култура и Министерството за образование треба да постои и во Законот се прифати Дирекција за унапредување на културата и Дирекција за унапредување на образованието на националностите во двете министерства, соодветно.

Дека ништо од тој аспект не е направено, дека ниту се размислува да се направи се гледа од тоа што не само што не се предвидени средства за овие две дирекции, туку воопшто не се размислува овој закон да се имплементира на начин како што е предвидено во Законот.

Кога земав сега збор, сакав да ја искажам мојата загриженост не поради некој амандман да поддржам или не поддржам, туку на несериозноста на Владата, а посебно на оној кој го бранеше тој Закон за управата и гаранциите што тоа министерство ги даде во тоа време за спроведување на тој закон.

Имено, се донесе Закон, се прифати амандман, ние го гласавме, така што поради прифаќањето на тој амандман како ПДП и сега, скоро една година и со ребалансот и сега не гледаме никаква трага од тоа што сега сака некој тука..

Мислам дека Владата мора од овој аспект малку посериозно, посистематски да пријде и да го спроведе законот. Тоа е во Министерството за култура и Министерството за образование да направи тоа што е предложено во Законот, да ги структурира овие две дирекции. За ова немам предложено амандман, ниту имам намера затоа што сум свесен дека оваа работа со амандман не се прави. Тоа е малку повеќе димензионална работа и не се потребни само средства, туку очекувам оваа работа навистина да се стави крај, на начин како е предвидено со Законот. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Љупчо Анушев има збор.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Почитуван претседателе, колеги, ме изненадуваат размислувањата овде во Парламентот, од типот знаеме зошто е формирана Агенцијата.

Мислам дека сме сериозни луѓе, разговаравме и дебатиравме околу Законот

за управа. На Агенцијата и дадовме нови задачи. И, ако во рок од неколку месеци се предомислуваме во ставот дека таа Агенција незнам зошто е формирана, тоа е катастрофа за нас. Мислам дека Агенцијата има одлични задачи што треба да ги спроведе и мислам дека треба да и се овозможи да функционира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 64 присутни гласале 56, 24 гласале за, 14 се воздржале, а 18 гласале против.

Молам, службите да утврдат точен број на присутни пратеници, бидејќи 56 пратеници гласале, што не е доволен број на присутни. Ако има некои кои не гласале, а се присутни, тогаш гласањето ќе важи.

(Службите вршат пребројување на пратениците).

59 беа присутни, молам нека влезат пратеници.

Значи, гласањето не важи. Ќе мораме да го повториме гласањето.

Нека влезат пратеници во салата.

Ве молам сите на место да можеме да го повториме гласањето.

Вклучете го системот за гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 25 за, 15 воздржани а 20 против.

Пак ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Очигледно некој не гласал.

Присутни се 61 пратеник, што значи гласањето важи.

Го соопштив исходот од гласањето.

Констатирам дека Собранието не го усвои овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 04008, ставка 424, потставка 424013, раздел 04008 ставка 424, потставка 424064, раздел 04008 за отворање нова станка 464 и потстанка 464090, во потставката 463094 и на раздел 09002 ставка 483, потставка 483044, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Александар Талевски, Панде Томовски, Хисни Шаќири и Митко Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 05001 Програма XVII ставка 443 потставка 443140 и на раздел 09004 ставка 444 потставка 444057, поднесен од пратениците Нано Ружин и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 09002 ставка 443 потставка 443140 и на раздел 0900 ставка 444 потставка 444235, поднесен од пратеникот Нано Ружин.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 59 присутни пратеници 55 гласале, од кои 4 гласале за, 4 воздржани, а 47 против.

Молам да се утврди точниот број на присутни пратеници во салата.

Ве молам повикајте ги пратениците да гласаме.

Ве молам да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 09002 ставка 443, потставка 443140 и на раздел 09002 ставка 444 потставка 442235 поднесен од пратеникот Нано Ружин.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, 9 пратеници гласале за, 3 пратеници воздржани и 51 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 посебен дел раздел 10001 за обединување во Програмата под реден број 11 на програмите под реден број 12, 13, 14,

15 и 16 поднесен од пратеникот Хисни Шакири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 посебен дел раздел 10001 за издвојување во посебен раздел 11003 на Програмата под реден број 17 поднесен од пратеникот Хисни Шакири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, 14 пратеници гласале за, 7 се воздржани и 43 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 посебен дел раздел 10001 за издвојување во посебен раздел 11003 на Програмата под реден број 17 поднесен од пратеникот Хисни Шакири.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 14001 ставка 441 потставка 441414 и на раздел 16101 Програма 12 ставка 427 потставка 427136 поднесен од пратеникот Филип Петровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 15020 Програма 14 под категорија 44 ставка 443 потставка 443182 и на раздел 09004 Програма 11 под категорија 44 ставка 444 потставка 444057 поднесен од пратениците Јонуз Абдулаи и Билал Љутфии.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 16001 ставка 441 потставка 441317 и на раздел 09002 ставка 444 потставка 444235 поднесен од пратеникот Димитар Батковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 7 пратеници гласале за, 9 се воздржани, 45 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 раздел 16001 ставка 441 потставка 441317 и на раздел 09002 ставка 444 потставка 444235 поднесен од пратеникот Димитар Батковски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 16001 ставка 441 потставка 441325 и на раздел 09002 ставка 444 потставка 444235 поднесен од пратеникот Димитар Батковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

62 пратеници гласале, 9 пратеници гласале за, 10 се воздржани, 43 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 16001 Програма 12 ставка 468 потставка 468010 и на раздел 09002 ставка 444 потставка 444235 поднесен од пратениците Азис Положани, Оломан Сулејмани, Абдула Алиу, Абдулади Вејсели и Ризван Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, јас сакам да укажам на потребата од поголеми средства за реновирање на школски објекти со кое што сакам да допринесам за подобрување на многу лошата состојба во одредени места, а посебно од крајот од каде што јас доаѓам. Имено, во Струга има неколку објекти кои што се започнати, некои се пред уривање така да кажам, така што мислам дека во таа ставка мора да има малку повеќе средства, затоа што недопустливо е децата да учат долго време во приватни куќи, а државата да има толку пари и да одвои толку голема сума од недефинирани средства, а тие училишта да останат непокриени, односно незавршени. Таков е примерот со училиштето во Дологожда, во Франгово, во Мислодежда исто така училиштето треба да се реновира и некои други училишта, а посебно училиштето во Ливада. Затоа би ги замолил пратениците да го прифатат овој амандман за да се придонесе овие школски згради да бидат достоинствени и да служат на начин како што е предвидено со сите педагошки норми.

Ги повикувам пратениците да го прифатат амандманот, затоа што се работи од недефинирани средства за кои што министерот рече дека нема да се согласува со фондот, но фондот кога ќе види за што се бараат овие средства, мислам дека и тој ќе има разбирање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Би сакал да напоменам дека образованието е приоритет на Владата. Меѓутоа, во 2000 година образование покрај редовните буџетски средства доби и дополнителни 220 милиони денари од Програмата за намалување на сиромаштијата која што беше усвоена со Ребалансот на Буџетот во месец октомври минатата година и кои што средства се инјектираа во образованието, во реконструкција на школи итн., обнова на опремата на училиштата итн., до крајот на минатата година. Сакам да потенцирам дека Владата со Ребалансот во јуни ќе понуди нова програма за намалување на сиромаштијата и сосема очекувано е дека образованието ќе добие уште поголема ставка од претходната и дека таа ставка ќе биде околу 250 милиони денари со што Министерството за образование ќе добие освен буџетските дополнителни средства за реконструкција на школи, набавка на опрема и слични намени во областа на образованието. Така што ќе има сосема доволно средства, а да не зборуваме и од средствата од Телекомот што ќе се употребат исто така дел за реконструкција на школи и за изградба на нови школи. Тоа беше образложение зошто амандманот не го прифаќаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, јас сум исто така потписник на амандманот и мислам дека овој амандман треба да се поддржи од страна на пратениците без разлика што министерот за финансии се потруди да ни објасни. Меѓутоа, навистина во овие општини од каде што доаѓаме некои училишта се во изградба и недовршени, некои се дотраени и навистина не може да служи за училница. Така и во Кичево имаме некои училишта кои за жал без разлика дали се учениците македонци, или албанци, во тие училишта се учи дури во три смени. Фактички тоа е неизводливо. Така што нормално како потписник на амандманот, овој амандман и го поддржувам. Меѓутоа морам да речам нешто, бидејќи во општиот претрес не реков, така што за жал во Комисијата за образование министерот отсуствуваше. Така што во Разделот - Капитални средства, не можевме да научиме, или да дознаеме каде ќе се инвестираат тие капитални средства и во кои училишта, односно проекти. А во образованието може да се рече дека трпат и за инвентар би рекол од клупи, столици, а имам сознанија дека некаде дури се носи таков инвентар кој на тие училишта не им е потребен. Бидејќи не е тука министерот за образование, не можам да одам со име и презиме на тие училишта кои што имаат голем инвентар, а кај одредени училишта тој инвентар фали, почнувајќи од клупи и други средства кои служат токму за образованието.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Јас го слушав со внимание министерот и знам дека од средствата распределени за намалување на сиромаштијата некои средства се отидени и во овој регион, па така се почнати школото во Дологожда, во Франгово исто така е почнато школото, но ве уверувам според моите сознанија кои што се точни дека со тие средства навистина не можат да се довршат овие училишта. Затоа мислам дека средствата се малку. Предлагам да се дадат

малку повеќе средства во тој домен, но ако министерот мисли дека во јуни би требало со други средства да се надададат за иста цел, јас мислам дека тоа ќе биде касно. Па затоа го повикувам министерот да има во предвид и после овој амандман дали ќе биде прифатен, или не; јас сега не знам, јас повикувам да се прифати. Го повикувам министерот да има во предвид дека до јуни е многу касно да се заокружат овие проекти па да се има во предвид да се најде начин и од овие средства што се сега во оваа ставка да се доделат за завршување на школото во Делогожда, Франгово, Ливада, реконструкција на Радолишта, Мислодежда, Боговица, затоа што овие училишта се во многу лоша состојба и навистина учениците имаат многу големи проблеми. Затоа го молам министерот да има во предвид и без овој амандман за да додели средства и да помогне во завршувањето на веќе започнатите проекти.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Владата, обично кога донесуваме Буџет скоро сите во своја професија го дигаат гласот. Но, мислам дека не треба да се експлоатира оваа состојба воопшто во образованието. Јас лично сум убеден и како член на Комисијата за образование, бидејќи сум бил во контакт и со министерот за финансии и со други претставници на Владата дека се вложени напори оваа Влада да интервенира би рекол во хаотичната состојба воопшто во образованието, посебно во однос на објектите каде што се изведува наставата. Јас сум во очекување на ветувањата на министерот и на Владата воопшто. Затоа им верувам на ветувањата и чекаме да се подобри состојбата воопшто во образованието. Доколку некој, а не алудирам со име и презиме сака политички поени од образованието, јас се оттуѓувам од тој начин на настап, бидејќи образованието е една чувствителна дејност и јас како човек што сум работел повеќе од една деценија во образованието не дозволувам и себеси не си дозволувам да си играме со образованието. Затоа да престанеме би рекол и со амандмани и да гледаме, да очекуваме на ветувањата на Владата воопшто во однос на образованието.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, денеска расправаме за едно многу сериозно прашање. Помина начелната расправа околу Предлог - Буџетот за 2001 година. Меѓутоа, треба да бидеме малку посериозни околу сите искажувања пред ова Собрание и пред јавноста. Тоа не значи дека ако одреден пратеник од ова Собрание си даде амандман за некое прашање кое треба да се решава во иднина, не значи дека тоа е политички маркетинг, дека нас сите овде не интересира за нашите граѓани во Република Македонија, со донесувањето на Буџетот на Република Македонија во иднина ќе имаат добар живот, значи за во рок од една година. Затоа и се донесува таков Буџет. Затоа мислам кога е во прашање овој амандман од г. Азис Положани, јас мислам дека Министерството за финансии воопшто Владата би имала во предвид и поднесените барања од страна на Министерството за образование за оваа ставка да се намали, или да се зголеми, или да остане толку колку што е предложено од страна на Буџетот. Затоа и нашето барање како претставници, како репрезенти на нашето гласачко тело, или на граѓаните воопшто на РМ, ние сме заинтересирани во овој сегмент да се подобрат работите, а тоа е во образованието, а поточно во објектите каде се изведува наставата. Затоа ве молам, ова треба да се сфати малку посериозно. Не треба од ниедна пратеничка група да се сфати како политички маркетинг, дека нас не засекува сето тоа што се случува на теренот. Верувајте дека ако ја земеме Република Македонија како една целина и ако ги гледаме работите пропорционално како се изведува наставата во едниот дел на Република Македонија, и како се изведува наставата во другиот дел на РМ, а сакаме квалитетно образование, сакаме при регистрација во средно образование да имаме ист квалитет, сакаме во високото образование, а реалноста е малку подруго. Ако ги нема елементарните потреби за одвивање на наставата во едно основно образование, каков квалитет ќе очекуваме и како ќе биде тој ученик рамноправен со еден ученик кој се образувал, или се школувал во други услови каде што ги имал можеби елементарните можеби спрема стандардите можеме слободно да кажеме европски стандарди. Јас ги споменувам само нашите села во Тетово, ридско - планински села, па можам да кажам и други села кои се во склоп на Тетово кои верувајте ако министерот за финансии, иако не е негова работа, тоа е работа на министерот за образование да оди и да им направи една визита на тие школи. Ќе види дека им фалат елементарните работи за работа која треба да се одвива во тоа основно, или средно образование. Затоа во овој правец ќе не сфатат сите и ММФ и сите други меѓународни институции дека за

образованието не треба да жалиме. Затоа во овој правец се земаат средства и од таму од каде што треба да се земат за да се дадат во образованието, дека тоа е главниот столб на сите нас. Верувајте и во Тетово и во сите градови во РМ, започнати се објектите, останати се на пола, учениците учат во некои стари згради кои се изградени во 1945 година, и ден денес со скинат патос, со незнам што итн., каде што нема никакви ниту хигиенски, ниту никакви услови за да се одвива наставата. Затоа во овој правец јас го молам и претставникот на Владата за да го одобри овој амандман дека тоа е во интерес на сите во образованието.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Што се однесува до амандманот на тројцата пратеници јас се согласувам, бидејќи во излагањето на г-динот Вејсели се кажа дека тоа се однесува за основните училишта на општина Тетово. Тоа е така затоа што и од таму се пратениците и нормално е да се одржува тој град. Со овој амандман му се помага на Министерството за образование за да интервенира во тие краишта каде што зградите на основните училишта се до степен да не може да се одвива настава.

Јас мислам дека треба да се одржи, бидејќи е во корист на Министерството за образование.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Господине претседателе, колеги пратеници една народна изрека вели "тој што си ја има мувата под капа прв се јавува". Јас не споменував име, кој ја злоупотребува и оваа света дејност - образованието, но да му документирам на г-динот Вејсели дека токму твојата партија во минатото и минатата Влада, претходната Влада манипулираше и тоа за политички цели со ученици. Ако за некој значи, за мене не, македонци, албанци. За мене децата се сјајни, кристални и не ги делам на албанци, македонци и други. (Од говорницата покажува слики).

Еве, ги молам камерманите да ја приближат камерата и јавноста да гледа како овој објект уште ден денес учат учениците. 128 ученици во сред едно село во Македонија, Доброште општина Теарце, а вакви објекти може да се најдат само во Чеченија и во Косово.

Ова од причина што во мај 1998 година, значи пред изборите програмирале дека ќе градат едно школо за овие ученици, а ова е школо чиста дивоградба. Ден денес нема дозвола за градба, па и просторот каде се градело во истото село, а учениците учат во овие објекти од причина што во село Одри, тоа го знае добро господинот Вејсели од 1998 година се реновира објектот од една таканаречена фирма "Папен‟ добро го познава господинот Вејсели, а какви корени има со таа структура на бившата власт и со бившиот министер за образование сопственикот на фирмата, или името на сопственикот на таа фирма. Тоа целата јавност го знае, сигурно и министерот за финансии, но јас апелирам како човек кој работел во образованието да не се злоупотребува и за политички маркетинг, затоа што доста пателе и учениците и децата од политиката.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Јас уште еднаш ќе повторам, ако е за политички маркетинг ќе направиме различни емисии било каде во медиумите, печатени или електронски, меѓутоа, тука не сме за политички маркетинг. Тука сме за да се зголеми Буџетот за инвестиции за доградба, реконструкција на основните и средните училишта или не сме. Тука не станува збор дали некаде има дивоградби, па ако се дивоградби, рушете ги. Тоа е јасно и гласно. Меѓутоа, јас тука не навлегувам кој градел и што градел, ниту навлегував дали градела претходната Влада, дали гради оваа Влада. Градела претходната, ќе гради и оваа, ќе градат и наредните влади, меѓутоа, градењето да биде поинтензивно. Јас никако нема да се согласам и пред вас и пред целата јавност дека ситуацијата во образованието во објектите каде се изведува наставата е нај нај. Ве молам, фактите се пред нас. Ако може некои ученици во Република Македонија да учат според Европските стандарди, а другите да учат по стандардите на една кралска Југославија, јас мислам дека тука нема рамноправност. Без разлика од која пратеничка група, од која политичка партија сме заеднички треба да се залагаме нашите деца да бидат рамноправни во учењето. И тие да ги постигнуваат условите или стандардите што ги има едно училиште во Скопје. Јас можам овде да споменувам села и села и села, каде што учениците учат во неадекватни простории. Па, ако сакате и понатаму. Они немаат ни канцелариски материјал за елементарните работи. Можам да кажам дека се без телефон, можам да кажам дека немаат фотокопир машина, па ги праќаат децата да ги фотокопираат материјалите за 30 денари по лист, итн. Мене тоа ми е целта, не ми е целта кој градел и кој треба да гради. Воопшто немам

против ако денес се гради повеќе отколку што се градело. Сите ние ќе бидеме задоволни, ќе бидеме пресреќни ако денес се гради низ цела Македонија интензивно. Меѓутоа јас сум за тоа да се направи рестрикција таму каде што може да се направи рестрикција или да се земат средства од таканаречени резерви за да тие пари бидат во оптег, со тие пари да се гради и сите граѓани во Република Македонија, а што е посвето учениците да имаат добар стандард и полека, полека да се вклучиме во стандардите на Европската Унија.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Сакам уште еднаш да потенцирам дека никогаш, никогаш досега во овие десет години Владата не одвоила повеќе средства за образование како во периодот октомври 2000 - јули 2001 година. Во еден период од осум месеци никогаш досега немало таква концентрација на средства во образованието како што има сега. Уште еднаш ќе повторам.

220 милиони денари од Програмата за сиромаштија од 2000 година. Околу 250 милиони денари од програмата за сиромаштија од 2001 година. Понатаму, Владата инвестираше околу 250 милиони денари за купување на хотелот на Пелагонија, повторно за образовни цели, за сместување на студентите. Понатаму, во самиот Буџет заедно со самофинансираните активности се предвидени околу 800 милиони денари за образованието. Само за инвестиции.

Понатаму, од средствата од телеком, за кои незнам точно колку ќе бидат, 250 или повеќе милиони марки, но повеќе од сигурно е дека ќе биде одвоен за образованието. Нека ми каже некој дека приближно било досега во период од 8 месеци инвестирано повеќе, или приближно толку средства во образованието како сега.

Голем дел од средствата што беа префрлени со Програмата за сиромаштија заради законската потреба да се оди со јавни тендери сеуште не е завршена. Средствата се префрлени по школите но, самите школи сеуште се во фаза на собирање на тендерската документација и можеби некои од нив се уште не почнале да градат. Некои почнале, зависи кој кога почнал. меѓутоа, во овој дел има најмногу средства отколку досега. Јас не ги разграничувам средствата дали одат за школите во Западна Македонија или Источна Македонија, тоа не е моја работа. Тоа е работа на Министерството за образование и на експертите во тоа Министерство, но можам да потврдам генерално дека најмногу средства во овој десетгодишен период влегле во овие осум месеци, во овие три што изминаа и овие што ќе дојдат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, немав намера да се јавам повторно, меѓутоа, самиот министер како да ме провоцираше со неговата храброст дека оваа Влада одвоила најмногу средства за разлика од другите Влади. Да го потсетам министерот дека како член на Комисијата за образование јас од 1998 година, гледам дека само во образованието се скратува Буџетот, финансиите и тоа драстично се намалува од секоја година во година. Меѓутоа, нашата цел, заради која го предложивме амандманот е чисто да се помогне во изградувањето односно доградувањето на училиштата во Република Македонија. Случајно, ние потписниците зборуваме за општините од каде што доаѓаме дека на теренот е многу лоша сликата, а неслучајно реков, сега ќе морам со име и презиме да ги споменам и училиштата.

Во градо Кичево во училиштето "Кузман Јосифовски Питу", каде наставата се изведува само на македонски јазик, меѓутоа, во тоа училиште навистина нема ни минимални услови, бидејќи наставата се изведува во две, дури па и три смени. Морам да споменам уште едно ОУ, во Градот Кичево, тоа е "Сандре Штерјовски", во кое наставата се изведува и на албански и на македонски, меѓутоа исто така се работи во две, дури и три смени. Досега Министерството за образование нема размислено за учениците таму. Морам да го споменам и основното училиште "Реџо Руши Зајази", каде што навистина нема услови за работа. Тука наставата се изведува на албански наставен јазик.

И подрачните училишта кои гравитираат во оваа осмолетка, односно сега веќе некои во Грешница, припаѓаат во село Горно Стргомиште ја имаме истата ситуација. Во село Колибари истата ситуација и да не набројувам во општината Осломеј каде е истата ситуација, затоа што имаме училишта што се недовршени.

Реков дека неполемизирам со министерот, меѓутоа за жал самиот министер за образование, г-динот Новковски, дента кога расправаше Комисијата за образование тој поради негови оправдани причини не присуствуваше докрај на седницата на Комисијата, така да не успеав да научам

каде ќе се доделат средствата од ставката за капитални трошоци. Тука мислам дека и г-динот министер за финансии не е во можност да ми одговори, затоа што тој глобално може да ми одговори за Буџетот на Република Македонија, а газди на секое Министерство се самите министри и тие знаат каде ќе ги трошат тие пари.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник 59 гласале, никој не гласал за, 2 гласале воздржано, 57 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 36008 ставка 401, поднесен од пратениците Миланчо Ѓеркезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање. Молам да гласаме

Од 60 присутни пратеници, 56 гласале, 1 пратеник е за, тројца гласале воздржано и двајца пратеници гласале против.

Молам да утврдиме дали некој не ја извадил картичката.

Да видиме колку пратеници се присутни во салата.

62 пратеници се присутни во салата.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 360 ставка 401, поднесен од пратениците Миланчо Ќеркезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Од 60 присутни пратеници во салата, 49 пратеници гласале, никој не гласал за, никој не гласал воздржано, 49 пратеници гласале против.

Овој резултат го објавувам, но не можам да констатирам дали е важечки.

Молам да се утврди точен број пратеници во салата.

62 пратеници се присутни во салата. Значи некој ја извадил картичката.

62 пратеници се присутни во салата. Значи се е во ред.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 36010, ставка 401, поднесен од пратениците Миланчо Ќеркезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Од 60 присутни пратеници во салата, 53 пратеници гласале, 1 гласал за, двајца гласале воздржано, 50 пратеници гласале против.

Молам да утврдиме точниот број пратеници во салата.

62 пратеници присутни во салата.

Според тоа гласањето важи.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 36011, ставка 401, поднесен од пратениците Миланчо Ќеркезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Од 59 присутни пратеници во салата, 58 пратеници гласале, 1 гласал за, тројца гласале воздржано, 54 пратеници гласале против.

Да видиме колку пратеници сега се во салата.

61 пратеник се присутни во салата. Сигурно картичките ги извадиле.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 36012, ставка 401 поднесен од пратениците Миланчо Ќеркезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

61 пратеник се присутни во салата, 55 пратеници гласале, ниту еден пратеник не гласал за, двајца пратеници гласале воздржано и 53 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 36013, ставка 401 поднесен од пратениците Миланчо Ќеркезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Од 60 присутни пратеници во салата, 59 пратеници гласале, 1 гласал за, тројца гласале воздржано, 55 пратеници гласале против.

Молам, за да можеме да објавиме дали е тоа важечко, да се утврди точниот број присутни пратеници во салата.

Навистина во салата се 60 пратеници.

Молам повикајте ги пратениците да влезат во салата за да можеме да продолжиме со работа.

62 пратеници сега се присутни во салата.

Молам да го повториме гласањето.

Од 62 присутни пратеници, 61 гласале, 1 пратеник гласал за, 5 пратеници гласале воздржано и 55 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 36104 ставка 401 поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници во салата, 58 пратеници гласале, 1 гласал за, тројца гласале воздржано, 54 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 36015, ставка 401, поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници во салата, 61 пратеници гласале, 1 гласал за, двајца гласале воздржано, 58 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 36016, ставка 401 поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристевски и Звонко Мирчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Молам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници во салата, 60 пратеници гласале, тројца гласале за, тројца гласале воздржано, 54 пратеници гласале против.

Има две картички повеќе. Според известувањето од службите, 61 пратеник е присутен.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 36017, ставка 401, поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристовски и Звонко Мирчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници 55 гласале, никој не гласал за, 18 воздржани и 37 против.

Од службите сум известен дека има 61 пратеник во салата.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 36018, ставка 401, поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристовски и Звонко Мирчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници 60 гласале, 2 гласале за, 16 воздржани и 42 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 36019, ставка 401, поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристовски и Звонко Мирчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Во салата присутни 62 пратеници 60 гласале, 1 гласал за, 10 гласале воздржани и 49 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 36020, ставка 401, поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристовски и Звонко Мирчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Бидејќи има многу воздржани по овој амандман, барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има поддршка од 10 пратеници. Нема.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници, 58 гласале, никој не гласал за, 6 се воздржани и 52 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 36021, ставка 401, поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристовски и Звонко Мирчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Во салата присутни се 63 пратеници, 60 гласале, 2 гласале за, 4 се воздржани и 54 се против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 36022, ставка 401, поднесен од пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристовски и Звонко Мирчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници 59 гласале, 2 гласал за, 8 воздржани и 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на ставката 7147, потставката 471 и за додавање нова поткатегорија 717 и нова ставка 7171, потставката 7161 и на ставките 7212, 7224, 7241, 7251, 7259, за заменување на ставката 7262 поткатегоријата 731, ставката 7265 и за додавање нова поткатегорија 732, поднесена од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 во Посебниот дел за утврдување на одделни потставки, кои се лоцирани во единствени потставки, поднесени од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3, Посебен дел за бришење на Програмата 11, во Програмата 12, поднесен од пратеникот Алесандар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 36001, Програма 13, поднесен од пратеникот Филип Петровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 10001, Програма 12, поднесен од пратеникот Филип Петровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 13001, ставка 465, потставка 465020 и на раздел 09002, ставка 462, потставка 462039, поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 13001, ставка 472, потставка 472026 и на раздел 09002 ставка 444, потставка 444235, поднесен од пратениците Исмет Рамадани и Азис Положани

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 65 пратеници во салата, гласале 61.

3 пратеници гласале за, 7 воздржани и 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 14001, ставка 441, потставка 44198 и на раздел 14001, ставка 471, потставка 471054, поднесен од пратениците Фатмир Етеми и Хисни Шакири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

За збор се јави господинот пратеник Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Овој амандман го повлекувам, бидејќи имам друг сличен на овој.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 16001, Програма 12, ставка 468, потставка 468010 и на раздел 09002, ставка 462, потставка 462039, поднесен од пратеникот Билал Љутфии.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 18001, Програма 11, поднесен од пратеникот Филип Петровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 19101, Програма 11, ставка 472, потставка 472093 и на раздел 09002 ставка 444, потставка 444235, поднесен од пратениците Фатмир Етеми и Хисни Шаќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме. Од 64 пратеници во салата, гласале 58.

12 пратеници гласале за, 5 воздржани и 41 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 26001, Програма 11, поткатегорија 42, ставка 426, потставка 426075, потставка 426130 и на раздел 09004, Програма 11, поткатегорија 44, ставка 444, потставка 444057, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се однесува на Македонската академија на науките и уметностите.

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 16001, Програма 12, ставка 425, потставка 425010, потставка 425010, потставка 425044 и на раздел 09002 ставка 444, потставка 444235, поднесен од пратениците Исмет Рамадани и Азис Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

И во овој случај се бара оставката недефинирани мерки. Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Рамадани Исмет.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, тоа што расправавме за основните училишта, реконструкција на основните, сега амандманот се однесува за средните училишта, односно за средно образование. Мислам дека состојбите во тоа што значи училишен простор, односно училишни згради, исто така и во одредени средни училишта условите се навистина многу лоши за работа, така што мислиме дека треба да се интервенира, посебно тука би ја спомнал гимназијата Зефљуш Марку и средното медицинско училиште во Тетово.

Ние неколку пати интервениране, дури и со Ребалансот на Буџетот кога беше и овој пат, мислиме дека е крајно време за тие две училишта, а тоа не значи дека ако постои можност и има средства да се интервенира на еден начин да се подобрат условите и во другите средни училишта кои не го исполнуваат ни минимумот за работа. Затоа, бараме плус средства, т.е. 60 милиони денари, за да се покрие таа финансиска конструкција за овие училишта кои навистина немаат ниту услови, ниту можности за изведување на нормална настава.

Сметам дека и министерот веројатно ќе има планирано во самото Министерство, односно со Министерството за образование веќе сериозно размислуваат да се изнајде решение за да се создаде простор и можност да се работи на подобри услови, посебно во овие два града, во Скопје и Тетово, како

што ги посочив овие две средни училишта, т.е. гимназијата Зефљуш Марку и Средното медицинско училиште во Тетово. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали уште некој бара збор?

Абдулади Вејсели бара збор.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Јас се приклучувам на ова, бидејќи сум и предлагач на овој амандман претставниците на Владата не сакаат да прифатат, јас сакам малку да образложам во што е причината што ние двајцата пратеници предлагаме еден таков амандман, кој ќе биде во интерес на тие средношколци, на кои треба да им се исполнуваат елементарните услови.

Јас малку би навлегол и подлабоко и би елаборирал до таа мера каде се наоѓа образованието во мојот град Тетово. Се работи за средните училишта, а јас ќе споменам само едно средно училиште, тоа е Медицинското училиште во Тетово кое има регионален карактер. Не е средно училиште кое припаѓа само на градот Тетово, туку тоа училиште има регионален карактер, значи припаѓа на градовите од Западна Македонија.

Колку сум јас запознат, во ова училиште учат над 2.000 ученици, меѓутоа, просторот каде се учи во тоа училиште е премногу мал. Затоа, учениците кои се запишуваат во средното медицинско училиште во Тетово, приморани се да учат и во основните училишта, што значи основните училишта во Тетово спроведуваат настава во три смени. Прва, втора и трета смена, поради тоа што во средното медицинско училиште па и во другите средни училишта во Тетово нема место, простории, каде да се одвива нормална настава.

Јас би кажал уште нешто. Затоа мислам дека во овој Буџет за 2001 година, сакам да го кажам моето мислење односно Владата треба да го прифати овој амандман со тоа што го поткрепувам и со други докази.

За такво средно медицинско училиште во Тетово има одлука на Владата на Република Македонија да се гради еден таков објект што ќе ги прифати сите заинтересирани ученици кои сакаат да се запишат во тоа средно училиште. Беше изнајдена и локација. Беше добиена градежна дозвола. Беа изнајдени и средства, значи финансиската конструкција беше изнајдена со тоа што грото средства треба да бидат обезбедени од Владата и од локалните самоуправи што произлегоа од општината Тетово, со сопствени средства од Средното медицинско училиште. Меѓутоа до денеска таква една иницијатива нема.

Затоа ве молам треба да ме разберете дека во овој правец тие ученици кои се примени на конкурс, немаат простории каде да учат во тоа средно училиште. Се работи за Средното медицинско училиште во Тетово. Затоа се принудени да учат во други училишта и тоа во основни. Значи, сега им пречиме и на основношколците, им пречиме на децата од 7 години до 13 години. Дете од 7 години да учи во три смени и му доаѓа редот дете од 7 години во прво одделение да учи во трета смена.

Затоа, нашиот ангажман во тој правец е да се обезбедат средства, да се најдат средства за проширување или изградба на ново училиште, дека тоа е во интерес на сите нас поради сите тие факти што ги напомнав до сега. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Господине претседателе, колку што гледам предлагачите на амандманот бараат средства од ставката - недефинирани средства, што е во сума некаде 150 милиони марки. Можам да кажам дека таа стапка за мене е фантомска, меѓутоа времето ќе покаже.

Поконкретно мислам дека се бара нешто многу важно од витален карактер за овој сегмент, од причина што беа образложени причините тука и не сакам да навлегувам во тоа. На ниедно општество не му успеало до сега да оди напред без соодветно образование. А, да се има соодветно образование, прв услов е да имате објекти за образување. Затоа, мислам дека амандманот првенствено од страна на министерот треба да се прифати, ако тој се чувствува како министер на сите граѓани на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Положани Азис.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

По се изгледа господине претседателе и овие доцни часови не се доволни да се отргне вниманието од тоа што навистина е голем проблем во Македонија, а тоа е образованието. Од димензија на

материјален аспект нормално дека има и за тоа што да се разговара, па затоа го поддржувам предложениот амандман и од причини што има делови, изборната единица што јас ја претставувам има проблеми што можат да се врзат со неадекватно и непотполно финансирање на училишните институции, а посебно сега штом се говори за ова средно училиште.

Би сакал да се усвои амандманот и да се најде начин за соодветна реконструкција и алиментирање на потребите на средните училишта, затоа што овие училишта често се наоѓаат во ситуација да преземаат, можеби други активности што не се во согласност со педагошките норми за да си помогнат на себе си, да си најдат некоја финансиска поткрепа.

Ја користам можноста да ја искажам загриженоста на родителите кои лично мене ми се обратиле и некои наставници, дека, кобајаги од такви финансиски причини во дворовите на училиштата се отвораат разни локали, се даваат под наем разни простори, кобајаги за кирија за да си помогнат финансиски, училиштата. Отворањето на овие локали со елементи на сомнителни активности делуваат негативно на дисциплината во училишниот двор. Затоа директорите на училиштата и самото министерство да не дојдат во ситуација за сега и по вакви активности, да бидат принудени на ваков начин да ги премостуваат своите финансиски проблеми, мислам дека треба да се прифати амандманот и да се даде доволна поддршка на овие училишта за да не бараат излез во отворање на вакви локали што, пред се мислам дека се штетни како од педагошки аспект така и за дисциплината во самиот двор на училиштето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Во интерес на поддршка на самиот амандман што го поднеле господата, би кажал само неколку зборови.

"Зеф Љуш Марку" во Скопје, постои уште од 1950 година. Од 1950 година па се до 1963 година, кога катастрофалниот земјотрес ја сруши единствената зграда каде се одвиваше воспитно - наставниот процес на тоа средно училиште.

Да се има доблест да се зборува за "Зеф Љуш Марку" јас мислам дека е во интерес и на поширокатa заедница во Република Македонија. Единствено училиште со настава на албански наставен јазик во Скопје. Такви средни училишта има околу 30 на македонски наставен јазик. И, сеуште од 1965 година, "Зеф Љуш Марку" да нема локација и од тогаш до денес толку Влади се измениле досега и да се немало доблест за решавање на тој и те како голем проблем, јас мислам дека нема што повеќе да се каже.

Го молам министерот "Зеф Љуш Марку" е едно од мамутските училишта на албански наставен јазик, како што е и "Никола Штејн" во Тетово.

Дискутантот претходно рече дека тоа училиште е и регионално, што е точно. Да се нема доблест за решавање на тие два објекти, јас мислам дека нема никаква смисла. Родителот не може да ги најде децата во која смена, во кое училиште учат. Гледате дека тука веќе не станува збор за оправданоста да се прифати тој амандман. не станува веќе збор. А, дотолку повеќе кога во тие две училишта, за да се говори за квалитет, исто така, веќе не станува збор. Немаме квалитетно знаење и немаме позитивна продуктивност во тие две училишта. Мислам дека тука треба да се најде исходно решение и амандманот да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Мислам дека амандманот треба да се прифати од единствена причина, како што рекоа колегите, веќе 50 години "Зеф Љуш Марку" е под кирија и сметам дека е веќе време ова средно училиште да најде соодветно место во нашето општество, да има сопствена зграда, со цел, како што имаат и другите средни училишта во Скопје, добро рече и Сејфедин Харуни, има 32 средни училишта во Скопје, што не се под кирија. Единствено под кирија е "Зеф Љуш Марку".

Колку што памтам и поранешната влада имаше ваква иницијатива, меѓутоа не се успеа во тоа. Имаше проекти. Проектот постои, треба да се најде локација, средства и тоа треба да се направи да се заврши овој проблем.

Сметам дека амандманот треба да се прифати. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има г-динот Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Како пратеник делегиран од Скопје, оваа иницијатива ја прифаќам. Меѓутоа, тука парите, точно, не се дефинирани, за

кое средно училиште се работи. Тоа министерството ќе ги раздели.

Само една дополнителна информација за "Зеф Љуш Марку" сега има локација доделена од Министерството за образование и проектот и проекција како да се финансира тоа средно училиште. Јас сум оптимиста затоа што сум член на таа Комисија што ја движам оваа работа и верувам дека оваа година ќе почне изградбата на средното училиште "Зеф Љуш Марку". Иако тие пари не се предвидени во овие пари од Министерството за образование, парите за изградба на ова средно училиште се планираа од друг извор да се финансираат.

Верувам дека овој проект, нормално со поддршка на сите коалициони партнери, оваа година ќе почне да се реализира. Меѓутоа, јас како пратеник и нашата пратеничка група ќе го прифатиме овој предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Рамадани Исмет.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Се извинувам што уште еднаш морам да интервенирам. Пред се благодарам на колегите на поддршката, но мислам дека е добро министерот, кога се изјаснува за овој амандман, да ни даде дополнителна информација затоа што ова е една работа што е започната, посебно за "Зеф Љуш Марку" и Средното медицинско училиште во Тетово .

Што се однесува до "Зеф Љуш Марку" проектот е готов веќе две-три години е завршен и исто така се очекуваше една помош, донација што не се враќа, јапонска помош и требаше да оди преку нашата амбасада во Виена. Бидејќи во Јапонија буџетот се донесува мислам во април, мислам дека така кај нив се работи дали се работи на ова? Дали Министерството за образование, да речеме, во соработка со Министерството за финансии ги презентирале овие работи, овие факти или овој од на работите околу изградбата на училишната зграда на "Зеф Љуш Марку". Мислам дека ова може да биде една дополнителна информација, а со тоа тогаш амандманот ќе биде безпредметен, ако има друг извор на средства обезбеден за оваа намена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Бев дециден преескa кога истакнав дека од 1963 година кога беше разурната з градата, таа до денеска нема локација. Еден претходен говорник рече дека има. Јас знам каде е таа локација. Мислам дека, тој проблем треба да се решава, затоа што е отворен, а може да имплицира и несогледливи, да има политички импликации. Ред е да се разреши.

Да не се прифати ваквиот амандман не би било во логика на неприфаќањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Билали Мерсел.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Господине претседателе, можеме да направиме проекти колку сакаме. Можеме да доделиме локации и да имаме документи од управните надлежни органи, исто така колку сакаме. Меѓутоа, што се бара? Се бараат пари. Значи прашањето е во парите и со амандманот се бараат пари. Во Тетово наставниот процес се одржува во хаотична состојба, така што имаме случаи првиот час наставникот да го одржи во главната зграда, вториот пет километри понатаму, а третиот 6 километри понатаму-

Затоа предлагам да се прифати амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Тахири Мухамед има збор.

**МУХАМЕД ТАХИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, бидејќи овде се подели дискусијата, а во амандманот нема децидно за кои училишта се поделува, значи амандманот подразбира за сите средни училишта. Бидејќи овде се спомна "Зеф Љуш Марку" и Средното медицинско училиште во Тетово, мислам дека сите треба да смогнеме сили да се изгласа овој амандман, бидејќи се помага на Министерството за образование и бидејќи не е овде децидно кажано за кои училишта се работи, сите училишта што се во таква хаотична состојба, нека им се помогне.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Само за информација на господинот Харуни, бидејќи тој сепак тврди дека нема локација, да го потсетам дека има локација за средното училиште "Зеф Љуш Марку" и тоа точно во населба Тафталиџе. Иако има локација, Комисијата за образование, од нашата партија сме на мислење дека треба

таа локација да се промени, да се дислоцира каде има повеќе простор и подобри услови за градба на средното училиште. Мислиме дека оваа локација е мала за такво средно училиште "Зеф Љуш Марку".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Би ве замолил, што се однесува до локацијата тоа е прашање надвор од Собранието и тоа на друго место ќе се расправа.

Дали има уште дискутанти за амандманот? (Нема).

Бидејќи нема, понатаму никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници, 62 гласале, од кои 22 гласале за, 10 се воздржани и 30 се против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 16001, Програма 13, ставка 468, потставка 468010 и на раздел 09002 ставка 444, потставка 444235 поднесен од пратеникот Исмет Рамадани и Абдулади Вејсели.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 67 присутни 58 гласале, од кои 13 гласале за, 7 се воздржани, а 38 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 02001 ставка 468 потставка 468010 и на раздел 09002 ставка 462 потставка 462039, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на насловот на член 1 и на член 3 на текстот на Предлогот на Буџетот на Фондот за заштита и унапредување на животната средина и природата, поднесен од Комисијата за екологија, млади и спорт.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 3 на текстот на Предлогот на Буџетот на Фондот за магистрални и регионални патишта, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

Во меѓувреме пратеникот Фатмир Етеми поднесе амандмани на член 3 раздел 38001 Програма 16 ставка 423 потставка 423050, потставка 423076, потставка 423084, ставка 427 потставка 427020 и на раздел 09002 ставка 444 потставка 444235 и на член 3 раздел 14001 ставка 441 потставка 441198 и на раздел 09004 и ставка 444 потставка 444057, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Коце Трајановски, Васил Гаџовски, Крале Спанчевски, поднесоа амандмани на член 3 раздел 09002 ставка 471 потставка 471046 и на раздел 09004 ставка 444 потставка 444057, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Филип Петровски поднесе амандман на член 3 раздел 04007 ставка 401 потставка 401013, потставка 401021, ставка 420 потставка 420026, потставка 420050, потставка 420069, потставка 420077, ставка 424 потставка 424013, ставка 426 потставка 426105, ставка 427 потставка 427063, потставка 427115, ставка 421 потставка 421002 и на раздел 09004 ставка 444 потставка 444057, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристовски и Звонко Мирчески поднесоа амандман на член 3 раздел 01001 Програма 11 ставка 420 и ставка 463 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандман на член 3 раздел 01001 Програма 11 ставка 420 и ставка 463, поднесен од пратениците

Миланчо Черкезов, Вангел Симев, Златко Стојменов, Ѓорѓи Тодоров, Ненад Ристовски и Звонко Мирчески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ИСМЕТ РАМА!ЦАНИ:**

Се извинувам, господине претседателе амандманите кои се поднесени од вчера дали ги завршивте?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Има амандмани тука кои не ги спомнавте.

Имам амандман вчера во 16,30 часот поднесен и амандман поднесен во 13 часот заедно со Нано Ружин.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тие поминаа.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Не поминаа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Можете веднаш да утврдите.

Ако не поминале, ќе ги ставиме, ако поминале, поминале.

Поминаа некаде преку 150 амандмани досега.

Затоа проверете. Може да се случи некоја грешка.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Имам еден амандман од вчера само јас каде сум потписник, не е поминат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Помина. Еден помина. Само видете, проверете.

Секретарот ќе овозможи да се провери. Помина еден ако е еден.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Ама имало други.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако имало друг, ќе ми го дадат овде. Ве молам, проверете.

Не можеме овде да проверуваме.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Кој треба да провери претседателе?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Службите ќе проверат и вие ќе им кажете на кој амандман мислите точно, за да ви одговорат, дали поминал, или не поминал. Тие мора да знаат.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Најдобро јас знам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе ви одговориме сега да одиме понатаму.

Дали некој друг бара збор?

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Претседателе, мора со ова да расчистиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе расчистиме. Сега да одиме на овој амандман. Ако има грешка, ќе ја исправиме, не е завршен претресот по текстот. Немојте да се секирате, се си е во ред. Додека не заклучиме претрес по текстот секогаш може да дојде амандман ако се направил пропуст. Тука нема никаква пречка.

Дали некој друг бара збор?

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Претседателе, јас сум поднел два амандмани вчера во 18,20 часот. Вие прочитавте само еден.

Незнам вториот зошто не е прочитан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Исто така да се провери. Само на тој начин се работи.

Ако не се поминати, ќе поминат, ќе ми ги дадат.

Нема да го завршиме претресот, не се заклучува претресот со ова.

Молам, дали некој бара збор по овој амандман што го прочитав? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Молам, службите веднаш да проверат за ова што господинот Рамадани го бара да се утврди и ова што го бара господинот Фатмир Етеми. Да се утврдат фактите и да ми се одговори за да можам да дадам меродавен одговор.

Ве молам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, 52 пратеници гласале, 5 пратеници гласале за, 1 гласал воздржано, 46 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Значи веднаш да ми се даде овде одговор, да најдете извод од тоа, нека се отчука точно како е заклучено, за да можам

да им го прочитам, или да им се даде на располагање.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 04007 ставка 401 потставка 401013, потставка 401021, ставка 420 потставка 420026, потставка 420050, потставка 420069, потставка 402077, ставка 424 потставка 424013, ставка 426 потставка 426105, ставка 427 потставка 427063, потставка 427195, ставка 421 потставка 421002 и на раздел 09004 ставка 444 потставка 444057, поднесен од пратеникот Филип Петровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 09002 ставка 471 потставка 471046 и на раздел 09004 ставка 444 потставка 444057, поднесен од пратениците Коце Трајановски, Васил Гаџовски и Крале Спанчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 14001 ставка 441 потставка 441198 и на раздел 09004 ставка 444 потставка 444057, поднесен од пратеникот Фатмир Етеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 38001 Програма 16 ставка 423 потставка 423058, потставка 423084, ставка 427 потставка 427020 и на раздел 09002 ставка 444 потставка 444235, поднесен од пратеникот Фатмир Етеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Повторно има барање од недефинирани мерки за давање на средства.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, 59 гласале, 6 пратеници гласале за, 8 гласале воздржано, 45 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Пратениците Никола Јованов, Томислав Петровски, Трајко Гешоски и Илија Прангоски, поднесоа амандман на член 3 раздел 19001 ставка 441 потставка 441023, раздел 19001 ставка 441 потставка 441058, раздел 19001 ставка 441 потставка 441368, раздел 19001 ставка 441 потставка 441384 и на раздел 09002 ставка 462 потставка 462039 и на член 3 раздел 19001 ставка 441 за додавање нова потставка по потставката 441384 и на раздел 09002 ставка 462 потставка 462039, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Никола Јованов ги повлече амандманите под број 07189 низ 41 од 1 февруари 2001 година.

Пратениците Никола Јованов, Томислав Петровски, Трајко Гешоски и Илија Прангоски, ги повлекоа амандманите под број 0718943 од 1 февруари 2001 година.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 19001 ставка 441 потставка 441023, раздел 19001 ставка 441 потставка 441058, раздел 19001 ставка 441 потставка 441368, раздел 19001 ставка 441 потставка 441384 и на раздел 09002 ставка 462 потставка 462039, поднесен од пратениците Никола Јованов, Томислав Петровски, Трајко Гешоски и Илија Прангоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 19001 ставка 441 за додавање нова потставка по потставката 441384 и на раздел 09002 ставка 462 потставка 462039, поднесен од пратениците Никола Јованов, Томислав Петровски, Трајко Гешоски и Илија Прангоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ова е многу обемна работа, сите бидете тука.

Немаме амандмани, треба да продолжиме со претрес по текстот на Предлогот на Буџетот, за да видиме во што се недоразбирањата.

Немаме други амандмани.

Предлагам пауза од пет минути.

(Паузата почна во 19,25 часот). (Пауза од 19,25 до 19,30 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи во салата има повеќе од 70 пратеници, можеме да продолжиме со работа.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Буџетот.

Со г. Исмет Рамадани се разјаснивме дека тој амандман беше на дневен ред и е одбиен, не е прифатен и не може да влезе во Буџет.

Молам, кој бара збор по текстот на Буџетот?

Има збор г. Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Мораме да бидеме до крај транспарентни, г. претседателе и го повикувам и министерот, без оглед на тоа што тој амандман не е прифатен, мислам дека од тие средства кои се предвидени од продажбата на Телеком, се разбравме, дека средствата за водоводот односно водоснабдувањето за општина Арачиново за тој водовод треба да се обезбедат од друга ставка односно на еден друг начин, затоа што проектот е започнат веќе 2,5 години и треба да се заврши. Ова е џентламенски договор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на Буџетот со буџетите на фондовите за: пензиско и инвалидско осигурување на Македонија; за здравствено осигурување на Македонија; за магистрални и регионални патишта, за води и за заштита, унапредување на животната средина и природата и Заводот за вработување на Република Македонија ги ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од 71 присутен пратеник во салата, гласале 68, од кои 61 за, 5 воздржани и двајца против.

Констатирам дека Собранието го донесе Буџетот на Република Македонија за 2001 година, со буџетите на фондовите за: пензиско и инвалидско осигурување на Македонија; за здравствено осигурување на Македонија; за магистрални и регионални патишта, за води и за заштита, унапредување на животната средина и природата и Заводот за вработување на Република Македонија.

Мислам дека од огромно значење е што овие акти се донесени.

Сега ќе работиме на другите акти, а заслужуваме навистина еден аплауз.

(Долг аплауз во салата).

Одиме понатаму и ве молам да издржите уште малку.

Преминуваме на шестата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на Закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2001 година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2001 година.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од 70 присутни пратеници гласале 59, од кои 52 гласале за, 5

воздржани и двајца против.

Констатирам дека е усвоен заклучокот.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од 70 присутни пратеници гласале 69, од кои 65 гласале за, 3 воздржани и 1 против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 2 точка 4, 5 и 7 и на член 4 став 1.

Пратеникот Хисни Шаќири, поднесе амандман на член 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 точка 4, 5 и 7 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам повереникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на 2, поднесен од пратеникот Хисни Шаќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од 70 присутни пратеници во салата, гласале 68 од кои 63 за, 4 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2001 година.

Преминуваме на седмата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на Закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година, со Предлог закон.

Предлогот за донесување на Закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од 70 присутни пратеници гласале 69, од кои 63 гласале за, 6 воздржани и никој не гласал против.

Констатирам дека е усвоен заклучокот.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од 70 присутни пратеници гласале 66, од кои 63 гласале за, 3 воздржани и никој не гласал против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 6 став 1, член 10 став 1, член 12, член 17, член 20 и член 30 став 1, член 26 став 2 и на член 32 став 1.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман за додавање нов член 9-а по член 9 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Филип Петровски поднесе амандман на член 33 став 5, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман за додавање нов член 22-а по член 22, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 9-а по член 9 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. (По гласањето).

Од вкупно присутни 70 пратеници во салата, гласале 69, од кои 11 за, 12 воздржани и 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 12, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 17, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 20, член 31 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 22-а по членот 22, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 5, поднесен од пратеникот Филип Петровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од вкупно присутни 70 пратеници во салата, 69 гласале и тоа, 59 за, 9 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година.

Имаме една молба од министерот Никола Груевски и да му дадеме збор за да ни укажат што треба да разгледаме сега, бидејќи веќе треба да привршуваме.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Би замолил Законот за персонален данок на доход да го претресеме сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот предлага Законот за персонален доход сега да го разгледаме, а другите точки да ги поместиме.

Дали се согласувате? (Се согласуваат).

Значи има согласност.

Преминуваме на 11-тата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персонален данок од доход, со Предлог закон.

Предлогот за донесување закон со Предлогот на закон и Извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии г. Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, сосема накратко да кажам дека овој Закон предвидува намалување на стапките на персоналниот данок на доход од сегашните 23 - од 0 до 2 плати, 27 од 2 до 5 плати и 35 од повеќе од пет плати на 15%, од 0 до 3 просечни плати во Република Македонија, и 18% над три просечни плати.

Други позначајни промени во овој закон се:

- за приходите од земјоделската дејност, ослободување во првите пет години;

- за нови даночни обврзници намалување на данокот од 50% во првата година;

за приходите од имот процентот на нормираните трошоци е зголемен;

- за одредени авторски дела зголемен процентот на признатите нормирани трошоци;

- каматите на орочени штедни влогови, и на обврзниците за старото девизно штедење се ослободени од данок;

Капиталните добивки остварени од хартии од вредност нема да се оданочуваат до 2006 година и други поволности што се предвидуваат со овој закон. Несакам да го задржувам повеќе вниманието, кажав нешто во мојот воведен говор што беше пред неколку дена. Исто така, во јавните медиуми долг период одеа на платен простор главните промени во персоналниот данок од доход.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г. Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министер, од името на пратеничката група ќе ја дадам полната поддршка на донесувањето на овој закон така долго очекуван и долго најавуван.

Меѓутоа, како што рече и самиот министер, со овој закон се придонесува делумно да се елиминира проблемот на невработеност, бидејќи многу од таканаречените диво вработени на овој начин, со намалување на давачките за тие диво вработени, ќе бидат легално регистрирани, бидејќи овој закон на тој начин го стимулира вработувањето.

Исто така, значајна придобивка од овој закон е тоа што стапките на персоналниот данок се пропорционални, односно тие се повеќе изразени и поголеми, каде што прикажуваната плата е помала, а растат со три просечни плати.

Уште еднаш би сакал да дадам полна поддршка на овој закон и ги повикувам пратениците да гласаат позитивно за овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги по однос на овој закон би рекол дека Законот за персонален данок во однос на почетна стапка 15% решенијата се прифатливи но втората ставка од 18% е неприфатлива, бидејќи не обезбедува никаква прогресија во оданочувањето. Се препорачува да се оди со прогресија на стапка која е најприсутна во земјите на Европската Унија.

Да не се бришат одредбите од член 94-а и 94-д со кој ќе се обезбеди секогаш да има можност за проверка на заработеното и пријавениот данок.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги пратеници. Јас ќе гласам за овој закон затоа што политиката на една Влада се гледа преку политиката спрема даноците и секоја Влада која ќе носи такви закони со намалување на даноците јас секогаш ќе бидам за неа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, јас би сакал да се надоврзам на искажаното мислам дека понудените решенија од Министерството за финансии се добредојдени во целина за целата економија, има елементи што мислам дека ќе помогнат на стопанството, но имам забелешка затоа што претежно во Македонија се планираат мали и средни претпријатија, па мислам дека само со намалувањето на персоналниот данок особено за малите претпријатија не е доволен стимуланс за нивниот развој. Мислам дека е добра прилика да се каже дека треба да се најдат и други начини за стимулација на малите претпријатија затоа што очигледно од скратувањето на процентот на персоналниот данок повеќе ќе добијат големите претпријатија, поготово јавната администрација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Јонуз Абдулаи.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:**

Исто така и јас го поддржувам овој Предлог на Закон за персонален данок, расправавме на Комисијата за економска политика и развој, во целост се поддржа овој предлог, посебно ќе истакнам олеснувањата што овој закон ги носи за новите претпријатија и нивното ослободување, она што и министерот го рече, од тој персонален данок во првата година, тоа е еден стимул за нови претпријатија, нови вработувања, и нов прогрес во општеството.

Сметам дека ќе ја имате целосната поддршка од Пратеничката група на ДПА.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Слободан Даневски:

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници исто и ние од Либералната партија во целост го поддржуваме дадениот Предлог Закон за персонален данок и очекуваме дека ефектите ќе се јават во текот на оваа година со тоа што ќе имаме нови вработувања.

Во целост му даваме поддршка на овој законски проект.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Предлогот за донесување на закон.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персонален данок од доход.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 70 пратеници гласале 68 од кои 66 за, 1 против и 1 воздржан.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 70 пратеници, вкупно гласале 69 од кои 66 за, 1 против и 2 воздржани.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Алија Шахиќ поднесе амандман на член 48 за додавање нов став 2 по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

ЗПК поднесе амандмани на член 4, став 2 точка 3, член 5, член 9, член 10, за додавање нов член 14-а по воведната реченица, член 12 за додавање нов член 15-а по воведната реченица, член 20, на воведната реченица, член 38, член 40 став 3, член 45, член 62 и на член 70 за додавање нов член 141-а по воведната реченица.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2 точка 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 9 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање нов член 14-а по уводната реченица поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 12, за додавање нов член 15-а по уводната реченица, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 20 на уводната реченица, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 38, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 40, став 3 , поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 45, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 48 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Алија Шахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**АМДИ БАЈРАМ:**

Г-дин претседателе, почитувани министри, г-да пратеници, овој амандман што г-дин Алија Шахиќ го има поднесено, јас бев отсутен, требаше двајцата да го поднесеме, се работи за тоа што во РМ луѓето што собираат секундарни суровини и тоа што го даваат во отпад предлагаме со амандманот тоа да не биде оданочено затоа што луѓето од тоа вадат за егзистенција, па да не се плаќа два пати данок, тоа е целта на амандманот затоа предлагам амандманот да се прифати затоа што е во прашање социјала.

Тука спаѓаат луѓе што собираат хартија, железо, па би ги замолил сите пратеници да го прифатат овој амандман и министерот да го прифати затоа што се работи за голема сиромаштија, нешто секундарно да се преработува што државата го откупува, па да не биде два пати оданочено, да не плаќаат данок.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 70 пратеници 70 гласале, од кои 34 гласале за, 17 гласале воздржано и 19 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 48 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Алија Шахиќ.

Има збор г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Бидејќи е комплицирано гласањето, а имаше многу на кои не им беше многу јасно, се извинувам, се сомневам во гласањето и барам поддршка од 10 пратеника за поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има 10 пратеника, па молам да се изведе поединечно гласање.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Се работи за сиромаштија.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ ЧУКАЛИЕВА:**

1. Јонуз Абдулаи - за
2. Абдурахман Алити - за
3. Абдула Алиу - отсутен
4. Милојко Ангеловски - отсутен
5. Стојан Андов - воздржан
6. Кирил Андоновски - воздржан
7. Љупчо Анушев - отсутен
8. Амди Бајрам - за
9. Демуш Бајрами - воздржан
10. Фадил Бајрами - отсутен
11. Димитар Баткоски - за
12. Мерсел Биљали - за
13. Валентина Божиновска - воздржана
14. Јордан Бошков - воздржан
15. Димитар Бузлевски - отсутен
16. Абдулади Вејсели - за
17. Слободан Гарчески - воздржан
18. Васил Гаџовски - воздржан
19. Михајло Георгиевски - воздржан
20. Трајко Гешоски - воздржан
21. Александар Гештаковски - отсутен
22. Данило Глигороски - за
23. Петар Гошев - отсутен
24. Слободан Даневски - за
25. Замир Дика - отсутен
26. Ванчо Ѓоргиев - отсутен
27. Илија Ѓоргиев - отсутен
28. Фатмир Етеми - отсутен
29. Васил Ефтимов - воздржан
30. Насер Зибери - отсутен
31. Љубисав Иванов – Ѕинго - отсутен
32. Мирко Иванов - отсутен
33. Илија Илоски - отсутен
34. Делче Ицков - за
35. Никола Јованов - за
36. Весна Јовановска - против

37. Марика Јорданова - за
38. Назми Кадриу - за
39. Радомир Карангелески - отсутен
40. Жарко Караџоски - против
41. Митко Киров - против
42. Лазар Китаноски - отсутен
43. Саво Климовски - отсутен
44. Стојан Ковачески - отсутен
45. Ѓорѓи Котевски - воздржан
46. Чедомир Краљевски - воздржан
47. Илија Лазаров - за
48. Горанчо Лазов - против
49. Билал Љутфии - воздржан
50. Васе Манчев - воздржан
51. Наталија Марковиќ Димова - за
52. Ѓулистана Марковска - за
53. Диспина Марковска - отсутна
54. Звонко Мирчески - отсутен
55. Драган Митевски - отсутен
56. Илинка Митрева - отсутна
57. Кирил Настески - отсутен
58. Рубенс Наумовски - за
59. Горан Невеновски - против
60. Латиф Пајкоски - за
61. Александар Пандов - отсутен
62. Ванчо Панчев - воздржан
63. Илија Пемов - воздржан
64. Тито Петковски - отсутен
65. Чедо Петров - за
66. Томислав Петровски - за
67. Филип Петровски - против
68. Азис Положани - за
69. Стојан Попов - отсутен
70. Љубомир Поповски - отсутен
71. Никола Поповски - отсутен
72. Илија Прангоски - за
73. Исмет Рамадани - за
74. Љупче Ристески - воздржан
75. Ненад Ристовски - отсутен
76. Нано Ружин - отсутен
77. Илјаз Сабриу - за
78. Аце Сајкоски - воздржан
79. Аслан Селмани - за
80. Борче Сибиновски - за
81. Вангел Симев - отсутен
82. Ристо Спанаков - за
83. Крале Спанчевски - воздржан
84. Ѓорги Спасов - отсутен
85. Милан Ставрев - воздржан
86. Наќе Стојановски - отсутен
87. Томислав Стојановски - воздржан
88. Воислав Стојаноски - за
89. Благој Стојковски - отсутен
90. Златко Стојменов - отсутен
91. Владо Сугаревски - воздржан
92. Оломан Сулејмани - отсутен
93. Ризван Сулејмани - отсутен
94. Мухамед Таири - за
95. Александар Талевски - за
96. Мевљан Тахири - отсутен
97. Митко Тилевски - за
98. Ѓорѓи Тодоров - отсутен
99. Ристо Тодоров - отсутен
100. Павле Тодоровски - за
101. Панде Томов - воздржан
102. Коце Трајаноски - воздржан
103. Горанчо Трајков - против
104. Танас Трајковски - отсутен
105. Александар Трпевски - воздржан
106. Борислав Трповски - отсутен
107. Слободан Ќосев - против
108. Илија Филиповски - отсутен
109. Александар Флоровски - воздржан
110. Илјаз Халими - за
111. Благој Ханџиски - отсутен
112. Сејфедин Харуни - отсутен
113. Кастриот Хаџиреџа - отсутен
114. Бранко Црвенковски - отсутен
115. Миланчо Черкезов - отсутен
116. Ванчо Чифлиганец - отсутен
117. Арбен Џафери - отсутен
118. Хисни Шаќири - за
119. Шахиќ Алија - за
120. Радмила Шеќеринска - отсутна

Во меѓувреме дојде пратеникот Фатмир Етеми и гласаше за.

Дали има друг кој дополнително е дојден?

И господинот Љупчо Анушев гласаше за.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Вкупно гласале 70 пратеници, за гласале 36 пратеници, 8 биле против 26 се воздржале од гласањето.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес, ве молам седнете си сега, ајде да продолжиме, ајде ве молам седнете сега да работиме.

Молам, отворам претрес по амандманот на член 70 за додавање нов член 143, по уводната реченица, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Службата ме информира дека ги делат амандманите.

Пратеникот Филип Петровски поднесе амандман на член 4 за додавање нови точки 4 и 5 по точката 3, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ѓорѓи Котевски поднесе амандмани за додавање нов член 76-а по член 77 и на член 77, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за додавање нови точки 4 и 5 по точката 3, поднесен од пратеникот Филип Петрески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 76-а по членот 77 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 77 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 62, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 70 за додавање нов член 143-а, по уводната реченица, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 67 присутни пратеници, 67 гласале.

64 пратеници гласале за, 2 пратеници гласале воздржано и 1 пратеник гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на законот за персоналниот данок од доход. (Аплауз).

Збор бара г-динот министер за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Знам дека долго работевме денес и сите сме заморени. Меѓутоа, би замолил, доколку пратениците имаат трпение да разгледаме уште две точки и тоа точката 8 - Измена на Законот за Буџетите, што значи воведување на повисоко ниво на трезорскиот систем и точката 13 - Измена на Законот за додатна вредност, долго очекуваните измени со кај ДДВ земјоделските производи, и кај медицинските материјали одат од 19 на 5%. Би ги замолил пратениците да ги поминеме и овие закони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали во таа смисла е и јавувањето на г-динот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Г-дине претседателе, токму тоа сакав да предложам да продолжиме со работа со Законот за измените на ДДВ.

Морам да образложам дека ова е насушна потреба на претпријатието.. кое е единствен производител за ѓубре, ако се ставени да се измени ставката од 19 на 5% од страна на земјоделците веќе има барање за ѓубрење. Затоа мислам дека денес овој закон треба да го ставиме на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурална интервенција бара г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе, ако мислите дека сме гладијатори,тогаш можеме да продолжиме да работиме. Имено се работи за многу важен закон и сметам дека треба по сериозен пристап. Затоа е потребно да расправаме некој друг ден кога сме по одморени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Мојата интервенција би била само во редоследот на предложените точки, односно прво да се расправа за ДДВ и да се донесе тој закон, а после ако остане трпение и време, да се расправа за Буџетите. Тоа го зборувам бидејќи сме на прагот на пролетната сезона и многу граѓани земјоделци што се занимаваат со производство на раноградинарски култури, каде многу производи кои се применуваат во производството на тие култури, ќе биде намалена даночната ставка на ДДВ. Во тој правец се состои мојата интервенција, да им излеземе во пресрет на тие граѓани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овие текстови на закони ги имате доволно долго и имавте време да ги проучите. Прашање е сега само колку имаме кондиција сега да ги расправаме.

(Имаме). Добро.

Дали се прифаќа сугестијата од г-динот Чедомир Краљевски.

(Се прифаќа).

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Ако може прво да ја разгледаме точката 8.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не. За тоа веќе се договоривме.

Минуваме на точка 13 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за додатна вредност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додатна вредност.

Молам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници 66 гласале. 65 пратеници гласале за, 1 пратеник гласал воздржано и никој не гласал против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Од 67 пратеници 65 гласале. 64 пратеници гласале за, 1 воздржан и никој не гласал против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Интересно, вака добри решенија никој не бара збор, а требаше да се популаризира повеќе од оваа говорница.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. З

ПК поднесен амандман на член 1, став 1 и 2.

Пратеникот Никола Поповски поднесе амандман за додавање нов член 1 пред членот 1 и на членот 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Чедо Петров поднесе амандман на член 1 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Гештаковски поднесе амандман на член 1 за додавање нов став 2 по став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Ванчо Панчев, Слободан Ќосев, Митко Киров, Илија Лазаров, Панде Томов, Горанчо Лазов и Митко Тилевски поднесоа амандман на член 1 став 2 за додавање нова точка 13 по точката 12, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за финансирање и Буџет поднесе амандман на член 1 за додавање на нов став 2 по став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 1 пред членот 1 и на член 1 поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 67 пратеници 60 гласале. 7 пратеници гласале за, 6 воздржани и 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 1 пред членот 1 и на член 1 поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Отворам претрес по амандманот на член 1 и 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 поднесен од пратеникот Чедо Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Со оглед дека претходно разговаравме со г-динот министер во врска со овој амандман, ќе искажам разбирање кон Владата и разговорите со ММФ и Светската банка и ќе го повлечам амандманот, со сугестија во наредниот период при усогласување на ставката мислам треба да се земе предвид и да се намали ставката на ДДВ за овој јаглен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи го повлекувате амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 за додавање нова точка 13 по точката 12, поднесен од пратениците Ванчо Панчев, Слободан Ќосев, Митко Киров, Илија Лазаров, Панде Томов, Горанчо Лазов и Митко Тилевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 67 присутни пратеници 58 гласале. 7 пратеници гласале за, 11 воздржано и 40 гласале против.

Ве молам да провериме колку пратеници има присутни во салата.

Службите нека избројат и точно да утврдат колку има пратеници.

64 пратеници биле присутни во салата.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од Комисијата за финансирање и Буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Претседателе, овој амандман го немаме добиено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот е доставен од Комисијата за финансирање и Буџет.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Дали може сега да го добиеме за да се произнесеме по него.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам обезбедете го амандманот.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ.**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Сејфедин Харуни поднесе амандман на член 1 за додавање нов став 3 по ставот 2, по кој Владата не се произнела.

(Интервенција да се гласа по амандманот, бидејќи амандманот не е прифатен).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се извинувам, јас слушнав дека амандманот се прифаќа.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Јас реков амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

А и тој не го прифативте.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот од Комисијата за финансирање и Буџет не го прифатив.

Веројатно вие ме слушнавте дека го прифатив и затоа продолживте со расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Веројатно има некоја резонанса овде во озвучувањето и јас не слушнав.

Добро.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас зборувам за тоа да провериме дали сте го прифатиле.

Ако не, никому ништо. Затоа, ќе ја изведеме сега постапката.

Дали некој друг бара збор по амандманот? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од присутни 68 пратеници 60 гласале, 10 пратеници гласале за, 8 пратеници гласале воздржано и 42 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање нов став

2, кој е поднесен од Комисијата за финансирање и Буџет.

Пратеникот Сејфедин Харуни поднесе амандман на член 1 за додавање нов став 3, по ставот 2, по кои Владата на се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, за додавање нов став

3, по ставот 2, поднесен од пратеникот Сејфедин Харуни.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине претседателе, министерот ниту го прочитал тој амандман што јас го поднесов, ниту е упатен за каков амандман станува збор.

Затоа, него го интересираше кој го поднел амандманот, а не амандманот со каква содржина е и што се бара со амандманот.

Ако може нека го образложи. Тоа се однесува на земјоделците, кои немаат регистрирано претпријатие, а кои треба да се ослободат од данокот за додадена вредност..

Тој го кажа тоа од ракав дека амандманот треба да се одбие.

Целото подрачје на Република Македонија живее од земјоделството.

Јас сакам министерот да го прочита амандманот и да не се занесува дека ако е од позиција, може да го одбие амандманот.

Инаку, амандманот е поднесен во интерес на граѓаните на Република Македонија, поготово на земјоделските производители.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за финансии господинот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, ако нешто со данокот на додадена вредност и измените на овој закон се намалува во нечија полза, тоа е во земјоделието. Така што, ова што господинот пратеник го кажа, мислам дека не е прифатливо. Не е точно дека не сум го прочитал амандманот. Јас го држам во рака подолго време, уште кога почнавме да расправаме по точките, така што тоа е тоа.

Инаку, земјоделците кои што продаваат на пазарот, воглавно не се

пријавуваат како даночни обврзници, односно не се регистрираат како даночни обврзници на додадена вредност, така што, тоа нема да значи ништо. Автоматски со тоа не можат да ги користат бенефициите што ги нуди Законот за додадена вредност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Во салата присутни се 68 пратеници, од кои 66 гласале. 13 пратеници гласале за, 10 пратеници гласале воздржано и 43 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот пратеник Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван господин претседател, почитувани господа министри, почитувани колеги пратеници.

Знам дека трпението на пратениците е при крај, меѓутоа, овој закон не може да помине, а да не кажеме барем два три збора, што всушност тој значи за граѓаните на Република Македонија.

Имено, со овој закон најмногу што се предлага се земјоделците, затоа што сите ставки се оданочуваат со високата стапка на данок од 19%, односно ставка од 5%. Тоа ќе значи можност за олеснување на нивното производство, на нивниот пласман и најпосле, поевтино производство, а понатаму, се ќе зависи од волјата и желбата на поединци, трговци кои ќе можат понатаму да работат по тој основ.

Истовремено, со овој закон се намалуваат и даноците на градежните објекти, на становите, така што мислам дека, на почетокот ова вие што го кажавте, не смее да остане незабележано во ова Собрание дека се носат вакви законски мерки и проекти кои што ги олеснуваат сите работи што се однесуваат за граѓаните на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Во салата се присутни 68 пратеници од кои 66 пратеници гласале. 62 пратеници гласале за, 1 пратеник е воздржан и 3 пратеника гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за додадена вредност. (Аплауз).

Почитувани пратеници, ние сега ќе прекинеме со работа. Веќе сме заморени и не можеме да издржиме повеќе. Кога ќе ги видам сите околности, ќе продолжиме со оваа седница.

Ви благодарам на сите.

(Седницата прекина со работа во 20,45 часот).